# ООУ „СИМЧЕ НАСТОВСКИ“ – ВРАТНИЦА
# ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ
# НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА И
# УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ
# ВО УЧЕБНАТА 2016/2017 ГОДИНА

## *СОДРЖИНА*

Вовед
Настава во природа со ученици од V одд.
Дводневна научна екскурзија со ученици од VI одд. и од IX одд.


















**Вовед**

Во состав на Годишната програма за работа на ООУ „Симче Настовски“ – Вратница за учебната 2016/17 година, а и според Програмата за работа на стручните активи, донесена е одлука за организирање на излети, екскурзии и настава во природа со учениците од сите паралелки од прво до деветто одделение (на македонски и на албански наставен јазик).

За таа цел ќе се реализираат следните активности:

**А) Прва фаза**

Подготовка на Програмата за изведување на ученички екскурзии и Подготовка на Програмата за изведување на настава во природа во учебната 2016/17 година. Информирање на родителите, директорот, психологот, училишниот одбор, откако ќе се избере дестинацијата каде што ќе се реализираат ученичките екскурзии и наставата во природа.

**Б) Втора фаза**

Организирање на уплата на парични средства за превозот.

**В) Трета фаза**

Организирање на родителски средби со цел целосно да се информираат родителите за целите на екскурзиите и на наставата во природа, организацијата, релацијата, како и за потребните подготовки на учениците за начинот на комуникација при посетата на локациите за време на екскурзиите и на наставата во природа, почитување на правилата кои важат на тие локации, како и други тековни прашања.

**Г) Четврта фаза**

Реализација на екскурзиите, наставата во природа.

**Д) Петта фаза**

Повратна информација од излетите, екскурзиите, наставата во природа. Тука, пред сè спаѓаат впечатоците и сознанијата на учениците и наставниците кои ги стекнале за време на реализираните излети, екскурзии, наставата во природа.

## Настава во природа со ученици од V-те одделенија

*** Место на одржување**: Детско одморалиште „Мајски цвет“ – Струга

*** Наставни теми**: Животински свет во водата и покрај водата, усно и писмено изразување, геометриски тела, нашето поблиско и подалечно минато, скокови во далечина, пеење.

*** Воспитно-образовните цели**

- ❖ Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на Охридското Езеро и културно-историските споменици во Струга и во Охрид.
- ❖ Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на реката Црн Дрим.
- ❖ Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и на односите во општествениот живот.
- ❖ Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните и вештачките води на РМ.
- ❖ Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со релјефот.
- ❖ Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со видовите населби, археолошките ископини.
- ❖ Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со нашето подалечно и поблиско минато.
- ❖ Учениците да се запознаат со животинскиот и растителниот свет во и околу Охридското Езеро.
- ❖ Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во тамошните краеви.
- ❖ Развивање на другарство и социјализација на учениците.

*** Задачи**

- ❖ Развивање интерес за природата и градење еколошки навики.
- ❖ Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции.
- ❖ Позитивен однос кон верските и културните вредности.
- ❖ Социјализација и колективна заштита.
- ❖ Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.
- ❖ Развивање на хигиенските навики.

- ❖ Поттикнување и развивање другарство, меѓусебно почитување, позитивен однос, креативност и натпреварувачки дух.
- ❖ Почитување на правилата, определеното време и јакнење на колективниот дух.

*** Активности на наставниците**

Планирање на активностите, технички подготовки, насочување на учениците за начинот на однесување и комуницирање, набљудување на однесувањето на учениците, воспоставување ред и дисциплина, објаснување, мотивирање за соработка и заемен однос со другарчињата, поттикнување дискусии, фотографирање, интервенција доколку им е потребна помош на учениците или, пак, давање предлози за решавање на можни проблеми.

*** Активности на учениците**

- Почитување на однапред поставени правила при патување, запазување на редот и дисциплината, хигиената, точноста и сл.
- Почитување на правилата за однесување на јавни места, коректен однос и заемно почитување со другарчињата од сите одделенија подеднакво, дружење.
- Набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите.
- Правилен однос кон околината.
- Јакнење на еколошката свест.

*** Содржини и активности**

**Прв ден**: Рогачево – Старо Село – Вратница – Тетово – Гостивар – манастирот „Св. Јован Бигорски – Струга

- Поаѓање во 7 часот и 30 минути
- Посета и набљудување на Мавровското Езеро во 9 часот и 30 минути
- Посета на манастирот „Св. Јован Бигорски“ во 10 часот и 30 минути
- Пристигнување во градот Струга во 12 часот и сместување на учениците во детското одморалиште „Мајски цвет“
- **Ручек**. Прошетка низ градот Струга
- **Вечера**. Учество на натпревар „Златен глас“ во 20 часот. **Ноќевање**.

**Втор ден**: Детско одморалиште „Мајски цвет“ – Струга

- **Појадок**. Одредување на површина на предмети, мерење на делови од природата од 10 до 11 часот
- Скокови во далечина од 11 до 12 часот
- **Ручек**. Истражување: животински свет во водата и покрај водатаод 16 до 17 часот
- Пишување извештај од истражувањето (ИКТ) од 17 до 17 часот и 30 минути
- Повторување за нашето минатоод 17 часот и 35 минути до 18 часот и 10 минути
- **Вечера**. Забава и избор на најдобра маска во 20 часот. **Ноќевање**.

**Трет ден:** Струга – Охрид
• **Појадок**. Посета на градот Охрид и негово разгледување од 10 часот
• Разгледување на туристички објекти, Самоиловата тврдина, црквата „Св. Софија" „Канео", брегот на Охридското Езеро
• **Ручек**. Пишување извештај од посетата на градот Охрид од 17 часот до 17 часот и 30 минути
- **Вечера**. Игри без граници (натпреварување меѓу учениците). **Ноќевање**.

**Четврти ден**: Струга – Кичево – Гостивар – Тетово – Вратница – Старо Село – Рогачево
• **Појадок**. Разгледување на кејот на реката Црн Дрим од 9 до 10 часот
• Писмена вежба: „Опис на реката Црн Дрим" од 10 до 11 часот
• Цртање на мостот и на реката Црн Дрим од 11 до 12 часот
- **Ручек**. Поаѓање од градот Струга во 14 часот. **Враќање**.

*** Раководител, наставници, ученици**
- Билјана Ѓероска – раководител на екскурзијата и одделенски раководител

- Одделенски раководители на петтите одделенија:
Билјана Ѓероска
Елизабета Николовска
Наташа Тофилоска

- Ученици од петтите одд. од централното училиште од Вратница и од подрачните училишта од Рогачево и од Старо Село
Вкупен број на ученици – 5+5+5=15

*** Времетраење**
- 16 мај до 19 мај 2017 г.;
- поаѓање во 7 часот и 30 минути за Струга;
- пристигнување во 18 и 30 минути часот во Вратница, Старо Село и Рогачево.

*** Локации за посета и правците на патување**
Правец на патување: Рогачево – Старо Село – Вратница – Тетово – Гостивар – Маврово – Св. Јован Бигорски – Струга – Охрид – Кичево – Гостивар – Тетово – Вратница – Старо Село – Рогачево.

*** Техничка организација**
Безбеден патнички автобус, климатизиран, добри услови на сместување, туристички водич, медицинско лице.

*** Начин на финансирање**
Самофинансирање од страна на родителите.

*** Начин на вреднување и користење на резултатите**

На секој чекор ќе се следи работата и однесувањето на учениците: преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.). Учениците ќе добијат повратни информации.

*** Програмски прилог**
Списоци на ученици по паралелки.

## Дводневна научна екскурзија со ученици од VI одделение и од IX одделение

*** Воспитно-образовните цели**

- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики.
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви.
- Градење чувство за патриотизам, љубов кон татковината и нејзините убавини.
- Развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности.
- Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.
- Развивање интерес за рекреација и одмор.

*** Задачи**

Непосредно запознавање:

- со староградската македонска архитектура (специфична архитектонско-градежна структура) преку посета на еден од најстарите градови во Македонија и на Балканот – Кратово;
- на нашето културно наследство преку посета на манастирот на Св. Гаврил Лесновски – еден од најубавите и најзначајните споменици на културата од 14 век;
- со природните убавини на Беровското Езеро – Берово.
- стекнување нови сознанија за животот на луѓето во дамнешното минато преку посетата на локалитетите Големо Градиште с. Коњух – Кратово, Виничко Кале – Виница.

*** Содржини и активности**

**Активности на наставниците**

Планирање на активностите, технички подготовки, насочување на учениците за начинот на однесување и комуницирање, набљудување на однесувањето на учениците, воспоставување ред и дисциплина, мотивирање за соработка и заемен

однос со другарчињата, објаснување, раскажување за културно-историските вредности на местата што ќе се посетат, насочување за набљудување на природата и природните убавини на татковината, поттикнување дискусии, фотографирање, интервенција доколку им е потребна помош на учениците или, пак, давање предлози за решавање на можни проблеми.

**Активности на учениците**
- Почитување на однапред поставени правила при патување, запазување на редот и дисциплината, хигиената, точноста и сл.
- Почитување на правилата за однесување на јавни места, коректен однос и заемно почитување со другарчињата од сите одделенија подеднакво, дружење.
- Набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и природните реткости.
- Поставување прашања, дискутирање, презентирање заклучоци.
- Посета на културно-историски, археолошки, верски објекти.

*** Раководител, наставници, ученици**
- Светлана Апостолска – раководител на екскурзијата и класен раководител
- Маргарета Петковска – класен раководител

Ученици од VI одд. и од IX одд.
Вкупен број на ученици – 14+11=25.

*** Времетраење**
- 18 и 19 мај 2017 г.;
- поаѓање во 7 часот и 30 минути за Кратово;
- пристигнување во 19 часот и 30 минути во Вратница.

*** Локации за посета и правците на патување**
Правец на патување: Вратница – Тетово – Скопје – Кратово – Пробиштип – Виница – Берово – Беровско Езеро – Скопје – Тетово – Вратница.

**Прв ден**: Вратница – Кратово – с. Коњух – Пробиштип – с. Лесново – Виница – Берово
Состанок на групата во договореното време пред училиште. Поаѓање и упатување кон Кратово со посета на архитектура на типична кратовска куќа и Радин мост, прошетка прошетка по центарот на градот Кратово. Патот нè води преку Овчеполието. Пристигнување во Големо градиште с. Коњух. Патот продолжува за Пробиштип со посета на манастирот Гаврил Лесновски. Потоа се продолжува за Виница со посета на Виничко Кале. Пристигнување во Берово во попладневните часови. Сместување во хотел. **Вечера**. Факултативно – диско забава. **Ноќевање**.

**Втор ден**: Берово – Беровско Езеро – Скопје – Тетово – Вратница
**Појадок**. По појадокот следи посета на манастирот кој се наоѓа веднаш до хотелот. Потоа се упатуваме кон Берово. Разгледување на градот и неговите споменици како и посета на музејот во центарот на градот. **Ручек**. Потоа се упатуваме кон Беровско Езеро со кратка прошетка по брегот на езерото каде што се разгледуваат природните убавини и туристички објекти изградени околу езерото. Пристигнување во Вратница во вечерните часови.

*** Техничка организација**
Безбедни патнички автобуси, климатизирани, добри услови на сместување, туристички водич, медицинско лице.

*** Начин на финансирање**
Самофинансирање од страна на родителите.

*** Програмски прилог**
Списоци на ученици по паралелки.

Директор,
Дијана Петровска

______________________